

Првата дама на Република Македонија Маја Иванова и сопруги на амбасадори во земјава денеска напладне ќе засадат дрвца во дворот на манастирот Св. Никола кај село Љубанци на падините на Скопска Црна Гора, во пресрет на пролетната акција што по седми пат ќе се одржува в четврток.



Локацијата ја избрала сопругата на македонскиот претседател, која и го иницирала садењето за да лобира и кај амбасадите во Македонија за зелена и за здрава животна средина. Во денешната акција ќе учествуваат и монахињите од манастирот и членови на здружението „Ден на дрвото - засади ја својата иднина!“.

